A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 18.04.2019

На 17.04.2019 година во времето од 05:15 до 07:15 часот врз основа на Наредба на Основен суд Велес полициски службеници од Полициска станица Валандово извршиле претрес во домот на С.К (39) и М.К (41) од село Удово, при што пронајдени се марихуана и семки од марихуана. М.К е лишен од слобода и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Х.М.(44) од село Чегране, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на

наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". На 11.04.2019 година во село Чегране, гостиварско, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле два килограми и 820 грама марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против К.Ќ.(31) од Неготино поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 02.11.2018 година во Велес полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле мешавина на марихуана и тутун, додека на регионалниот пат Неготино– село Курија, при претрес во викенд-куќа, која ја користел пријавениот, била пронајдена и одземена марихуана.

Надворешната канцеларија криминалистички работи Гевгелија поднесе кривична пријава против А.Ш.(28) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 29.11.2018 година во Гевгелија полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавената, при што пронашле и одзеле хероин и предмети со остатоци од хероин.

На 17.04.2019 година во 14,25 часот во Полициската станица Центар Б.В.(64) од Пехчево пријавил дека на 16.04.2019 година околу 15,15 часот на улицата "1732" бил каснат од куче скитник во пределот на десната дланка и десната подколеница.

На 17.04.2019 година во 17,15 часот во Полициската станица Гази Баба М.В.(40) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 02,00 часот на улицата "Трифун Хаџијанев" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

Во текот на изминатиот ден (17.04.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 28 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 21 возач од кои: 20 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и еден возач затоа што бил возач-почетник. Исто така, исклучени од сообраќај се и 25 возила бидејќи 22 биле нерегистрирани и три возила биле технички неисправни. Санкционирани се осум возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, еден возач поради недавање првенство на минување на пешаци, 10 возачи поради неправилно престројување, двајца возачи поради неправилно престигнување, еден возач на моторцикл поради неносење заштитен шлем, седум возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 31 возач поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се двајца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се 97 мандатни платни налози и 81 возило се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатиот ден се случиле 12 сообраќајни незгоди во кои 10 лица се здобиле со телесни повреди.

На 17.04.2019 година во 17,25 часот било пријавено дека во Велес на улицата "Димитар Влахов" кај железничкиот мост се случила сообраќајна незгода помеѓу мопед „Априлија" со велешки регистерски таблици, управуван од Ѓ.К. (50) од Велес и велосипед „Крос", управуван од Н.М. (50) од Велес. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Н.М, а Ѓ.К. и сопатничката од мопедот Д.Т. се здобиле со телесни повреди констатирани од страна на лекар од Општата болница Велес. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Велес и се работи на расчистување на случајот.

Вчера ( 17 април ) околу 13.50 часот, во гостиварското село Топлица, запрено е возило „БМВ‟ со гостиварски регистарски таблици, што го управувал С.А.( 22 ), а во кое се наоѓале и Е.Л.( 20 ) и две малолетни лица на возраст од 16 и 17 години, сите од Топлица. При преглед на возилото, пронајдена е марихуана. Четворицата се лишени од слобода и задржани во Полициската станица Гостивар.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.04.2019 год. на територијата на СВР Велес извршена е акциска контрола на техничката исправност на возила кои извршуваат јавен превоз на патници, при што, се контролирани вкупно 38 возила. Во Велес од контролираните 20 возила неправилности се констатирани кај 3, во Кавадарци од контролираните 10 возила неправилности се констатирани кај 4 и во Неготино контролирани се 8 возила и сите биле исправни.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 17 април извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, сигурносен појас. Притоа, контролирани се 529 возачи ,од кои 15 возачи ја надминале дозволената брзина, 14 возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле 12 возила, четири возачи зборувале на мобилен телефон при управување на возилото, тројца возачи не користеле сигурносен појас.

На 17.04.2019 година околу 14,20 часот било пријавено дека во с.Луково-кратовско, Г.К. (57) од Кратово, кој имал здравствени проблеми, отишол до куќата на Р.А. (66) од Кратово и со неговата ловечка пушка што ја поседувал со дозвола, испукал еден куршум и го застрелал Р.А. кој починал на местото на настанот. Потоа Г.К. со пушката заминал пред својата куќа и во дворот се самоубил. По наредба на Јавен обвинител телата на починатите биле предадени во Институтот за Судска Медицина-Скопје за обдукција. Извршен бил увид од страна на Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Кратово и се работи на расчистување на случајот.

На 17.04.2019 година во 15,30 часот во Полициската станица Чаир К.Ј.(34) од с.Љубанци-скопско пријавила дека на 16.04.2019 година околу 18,30 часот на улицата “Душко Поповиќ‟ била касната од куче скитник во пределот на десната рака.

На 17.04.2019 година во 12,20 часот во Полициската станица Драчево З.С.(58) од Куманово пријавил дека на 16.04.2019 година околу 16,00 часот на улицата “Антон Димитров‟ бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

СВР Битола поднесе кривична пријава против П.Н. (52) од Крушево и правно лице од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело “даночно затајување‟. Првопријавениот како одговорно лице во второпријавеното правно лице, во годишна даночна пријава за 2017 година, прикажал добивка со намален износ за 194.562 денари од реално остварената добивка на второпријавеното правно лице, по што извршил уплата на данок во износ намален за 19.456 денари. На овој начин, првопријавениот се стекнал со противправна имотна корист на штета на Буџетот на Република Северна Македонија.

На 17.04.2019 година во 17,30 часот М.Ч.(41) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 10,15 часот на улицата “Ангел Динев‟ во казино бил физички нападнат од В.Н. од с.Рашче-скопско. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.04.2019 година во 09,45 часот во СВР-Скопје М.Н.(18) од с.Грчец-скопско пријавил дека истиот ден околу 08,15 часот на булеварот "Александар Македонски" во кругот на средно училиште тој и неговиот брат С.Н.(18) биле физички нападнати од нивен соученик И.М. и уште две други лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.04.2019 година во 18,30 часот во СВР-Скопје Н.Д.Т. (38) од Скопје пријавила дека на булеварот "Црвена Армија", по претходна вербална расправија, била физички нападната од соседот В.С.. Н.Д.Т. со возило на Итна медицинска помош била пренесена во Комплексот клиники "Мајка Тереза" каде и била укажана помош. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 17.04.2019 година околу 04,30 часот на автопатот Скопје – Гевгелија, кај клучката „Демир Капија", од страна на полициски службеници, бил даден знак за запирање на патничко возило „Мерцедес" со албански национални ознаки, при што возачот продолжил со движење. По преземени мерки, возилото било запрено, а возачот се дал во бегство, додека во возилото биле пронајдени шест мигранти од Пакистан. За настанот бил запознат Јавен обвинител и се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот..

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против Л.Л.(31) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". Имено на 29.12.2018 година во Прилеп на улицата „Мирче Ацев", од страна на полициски службеници, при преглед над пријавената и штанд на кој продавала разни предмети, биле пронајдени и одземени пиротехнички средства.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.К.(54) од Скопје и правно лице од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "повреда на правата од работен однос". Во периодот од 12.09.2018 до 25.10.2018 година првопријавениот, како управител на второпријавеното правно лице, спротивно на Законот за работни односи и Законот за минимална плата, на вработениот З.В. му исплаќал минимална плата, односно не му исплаќал додатоци на плата за работен стаж, ноќна и прекувремена работа, работа во ден на неделен одмор и надоместок за боледување.

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

(/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)